


Во рамките на програмата за култура, а по повод Денот на театарот 27 март, оваа година општина Неготино во соработка со Центарот за култура “Ацо Ѓорчев” по трет пат го организира ревијалниот Фестивал на аматерски театар “Неготино 2014”. Во рамките на истиот ќе бидат изведени три театарски претстави, во изведба на аматерските театри од неколку града од државата.

Првата претстава со која ќе биде отворен фестивалот е култната македонска театарска претстава “Тетовирани души”, со текст на неповторливиот Горан Стефановски, а во изведба на Градскиот театар “Сцена 71” од Свети Николе.

Под режисерската палка на Слободан Елисеев и Александар Миќев , актерската група составена од вкупно 14 актери, на 25 март, вторник во 19 часот на големата сцена во НУЦК “Ацо Ѓорчев” ќе ја изведат премиерата на овој македонскиот трилер пред неготинската публика.

Втората, исто така култна претстава, која претставува вистински сценско-музички перформанс е драмата “Коштана” од српскиот автор Борислав Станковиќ. Истата е една од начесто изведуваните и најпосакуваните претстави на Балканот. Претставата ќе биде изведена од актерска група од 14 актеричленови на аматерскиот театар од Демир Капија. Режијата е на долгогодишниот актер и режисер Димче Бањански, а музиката на Благој Глушков и Горан Костадинов. Среда, 26 март, Центар за култура “Ацо Ѓорчев”.

Последната претстава со која воедно ќе биде затворено овогодинешното издание на фестивалот е комедијата (кабарето) “У кафанче карши станче” во изведба на кумановскиот театар, а истата ќе биде изведена на 27 март во 19 часот во центарот за култура “Ацо Ѓорчев”.


О.У. Дом на Култура "К. Мисирков"
Градски Театар "Сцена 71"
Свети Николе
Горан Стефановски
ТЕТОВИРАНИ ДУШИ
Режија: Слободан Елисеев
Александар Миќев


АМАТЕРСКИ ТЕАТАР
ДОМ НА КУЛТУРА МИРКА ГИНОВА
ДЕМИР КАПИЈА
СЦЕНСКО МУЗИЧКИ ПЕРФОРМАНС
КОШТАНА
РЕЖИЈА:ДИМЧЕ БАЊАНСКИ
ОД БОРИСЛАВ СТАНКОВИЌ
УЧЕСТВУВААТ:
КАТЕРИНА ДИМОВА
ДИМЧЕ БАЊАНСКИ
ТОМЕ АТАНАСОВ
ДАРКО САКАЛИЕВ
КРСТЕ МЕЛОВ
АНИТА МЛАДЕНОВИЌ
ВИДА ТРАЈКОВА
ПЕТРЕ ПАШОЕВ
ТОДОРЧЕ ПЕТРОВ
ДРАГАНА ДИМИТРИЕВА
ДАТА
ПОЧ


МАЈСКИ РАКУВАЊА
"У КАФАНЧЕ КАРШИ СТАНЧЕ" КУМАНОВО